Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на _________2024 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ БЕЗ НАПЛАТА НА УЧЕСТВО (ПАРТИЦИПАЦИЈА) ЗА ПЕНЗИОНЕРИ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНИ И БОЛНИЧКИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ КАКО И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ ДОМАЌИНСТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош и неговите членови на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2024 година, обезбедува грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства.

Со Програмата се опфатени корисниците на старосна, инвалидска, семејна, социјална и земјоделска пензија, чијашто пензија е пониска од 18.000 денари и се со живеалиште на територијата на Република Северна Македонија. Со Програмата се опфатени случаите на болничко лекување во болничките здравствени установи во Република Северна Македонија непосредно по акутно заболување, состојба и повреда или заради влошување на хронична болест.

Со Програмата не се опфатени членовите на семејството на корисникот на пензијата како и случаите на:

- специјализираната медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување
- сместување во геронтолошка установа и
- дневното болничко лекување (дневна болница)

Со Програмата се опфатени здравствените услуги од областа на специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита за корисниците на правото на социјална парична помош како и за членови на нивните домаќинства, освен за лековите од листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекување во странство.

За реализација на мерките предвидени во оваа програма, Владата на Република Северна Македонија обезбедува средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на донесувањето на оваа програма е обезбедување грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства.

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се реализира со финансиски средства во висина од 45.000.000,00 денари. Од основен Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година одобрени се 45.000.000,00 денари.

Во рамки на средствата ќе бидат измирени неизмирените обврски од 2023 година.

4. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Следење на спроведувањето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“

Бр.________________
__________2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ,

Димитар Ковачевски